**РЕПУЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-274
25.05. **2017 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), а во врска со член 49 од истиот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.11-2544/1 од 19.05.2017 година, поради констатирано непочитување на обврските за кинематографски дела, односно пренесување кинематографски дела, без договор со имателот на правата, спротивно на членот 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски дела, од страна на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското друштво за радиодифузија ТВ - КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, заради извршена повреда на член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), а казнива по член 149 став 1 точка 2 од истиот Закон, на начин што Трговското друштво за радиодифузија ТВ - КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, на 16.04.2017 година го пренесувало играниот филм Furious 7 од 2015 година, седмото продолжение од серијата акциски филмови Fast&Furious, без договор за уредени права за емитување склучен со имателот на правата, што е спротивно на член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-2544/1 од 19.05.2017 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското друштво за радиодифузија ТВ - КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица веднаш по приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е

извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Одделението за заштита на авторски права при Секторот за стратешко планирање и авторски права, во рамките на своите законски надлежности, на 17 мај 2017 година, изврши вонреден програмски надзор. Со надзорот беше констатирано дека на 16.04.2017 година, Трговското друштво за радиодифузија ТВ - КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица го пренесувало играниот филм Furious 7 од 2015 година, седмото продолжение од серијата акциски филмови Fast&Furious, без договор за уредени права за емитување склучен со имателот на правата, што е спротивно на членот 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, надзорот беше спроведен врз основа на иницијатива поднесена од физичко лице (наш бр.03-2282/1), при што беше констатирано дека Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, на 16.04.2017 година го емитувало играниот филм Furious 7 од 2015 година, седмото продолжение од серијата акциски филмови Fast&Furious. На 05.05.2017 година, со писмен Допис бр.03-2282/2, Агенцијата побара од радиодифузерот во рок од пет дена од денот на приемот на дописот да достави валиден договор со којшто ќе се потврди дека правата за емитување на овој игран филм се уредени. Воедно, му укажа на радиодифузерот дека доколку не ја достави бараната документација во наведениот рок, ќе се смета дека таков договор не поседува. Дописот е уредно доставен до радиодифузерот на 06.05.2017 година, за што Агенцијата поседува повратница од Македонска пошта. Во утврдениот рок, кој истече на 11.05.2017 година, радиодифузерот до Агенцијата не ги достави бараните документи.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-2544/1 од 19.05.2017 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.11-2544/1 од 19.05.2017 година поради констатирано непочитување на обврските за кинематографски дела, односно пренесување кинематографски дела, без договор со имателот на правата, спротивно на членот 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски дела, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското друштво за радиодифузија ТВ - КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, веднаш по приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Согласно наведеното да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

(1) Писмен извештај за извршен програмски надзор бр.11-2544/1 од 19.05.2017 година.

**Доставено до:**

- Трговското друштво за радиодифузија ТВ - КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица;
- Управителот на Трговското друштво за радиодифузија ТВ - КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.05.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 2544 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица

3. **Датум на извршување на надзорот:** 17 мај 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица пренесувало кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права, што е спротивно на член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

5. **Претходно изречена мерка:** нема.

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот беше констатирано дека на 16.04.2017 година, Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица го пренесувало играниот филм Furious 7 од 2015 година, седмото продолжение од серијата акциски филмови Fast&Furious, без договор за уредени права за емитување склучен со имателот на правата, што е спротивно на членот 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

   Надзорот беше спроведен врз основа на иницијатива поднесена од физичко лице (наш бр.03-2282/1). Со него беше констатирано дека Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, на 16.04.2017 година го емитувало играниот филм Furious 7 од 2015 година, седмото продолжение од серијата акциски филмови Fast&Furious. На 05.05.2017 година, со писмен допис бр.03-2282/2, Агенцијата побара од радиодифузерот во рок од пет дена од денот на приемот на дописот да достави валиден договор со којшто ќе се потврди дека правата за емитување на овој игран филм се уредени. Воедно, му укажа на радиодифузерот дека доколку не ја достави бараната документација во наведениот рок, ќе се смета дека таков договор не поседува. Дописот е уредно доставен до радиодифузерот на 06.05.2017 година, за што Агенцијата поседува повратница од Македонска пошта. Во утврдениот рок, кој истече на 11.05.2017 година, радиодифузерот до Агенцијата не ги достави бараните документи.

   **Предлог-мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се дава следната предлог мерка:

   - Директорот на Агенцијата да донесе решение за опоменување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица и согласно точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-

6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи веднаш по приемот на решението за опоменување да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- да му предложи на Советот на Агенцијата согласно надлежноста утврдена во член 18 став 7 од Законот, да го информира органот надлежен за авторските права и сродните права дека се сомнева дека е сторена повреда на истите, и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**